**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 53, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година), деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

**за учебна 2020/2021 година**

- За избор на демонстратор на предмети од прв циклус на студии на научната област административно право и јавна администрација во учебната 2020/2021 година – (1 извршител).

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени во Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година).

Кон пријавата, кандидатите треба да достават: доказ дека се студенти на втор циклус или трет циклус на студии (докторски студии) од соодветна студиска програма; доказ за просечна оценка за завршени студии од прв циклус најмалку 8,00 (осум) и кратка биографија (CV).

Документите се доставуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ 9б – Скопје, во рок од 5 дена од денот на објавувањето.

Дополнителни информации на тел: 02/3117-244.